European Commission

# Мерки во Западен Балкан за ресоцијализација и реинтеграција на НЕТП по нивното пуштање од затвор

Автор: **Скендер Пертеши**, Надворешен експерт на РАН

Radicalisation Awareness Network
RAN

# Мерки во Западен Балкан за ресоцијализација и реинтеграција на НЕТП по нивното пуштање од затвор

**ПРАВНО ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Овој документ е подготвен за Европската комисија, но ги одразува само гледиштата на авторите, а Европската комисија не е одговорна за какви било последици што произлегуваат од повторната употреба на оваа публикација. Повеќе информации за Европската Унија се достапни на интернет (http://www.europa.eu).

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската Унија, 2023 година

© Европска унија, 2023 година

Политиката за повторна употреба на документите на Европската комисија се спроведува со Одлуката на Комисијата 2011/833/ЕУ од 12 декември 2011 година за повторна употреба на документите на Комисијата (Сл. весник Л 330, 14.12.2011 г., стр. 39). Освен ако не е поинаку наведено, повторната употреба на овој документ е овластена според лиценцата Creative Commons Attribution 4.0 International (CC-BY 4.0) (https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/). Ова значи дека е дозволена повторна употреба под услов да се даде соодветно признание и да се наведат какви било промени.

За каква било употреба или репродукција на елементи кои не се во сопственост на Европската Унија, можеби ќе треба да се побара дозвола директно од соодветните носители на правата.

# Вовед

Земјите од Западен Балкан имаат сложена историја испреплетена со насилен екстремизам и тероризам. Овие предизвици, заедно со погрешните мислења кои ја опкружуваат таа тема и стигмата околу поврзаните групи, ги интензивираа заложбите во правецот на исклучување, ресоцијализација и реинтеграција (ИРР). За да ги решат проблемите што ги поставуваат насилните екстремисти и терористичките престапници (НЕТП) и повратници, земјите од Западен Балкан спроведоа законодавни мерки и стратегии што доделуваат изречни одговорности на државните институции и агенции во полето на ИРР.

Воспоставени се неколку институционални механизми за решавање на потребите за ИРР на НЕТП и на повратниците. Примерите вредни за внимание го вклучуваат одделот за ИРР при Министерството за внатрешни работи (МВР) во Косово*[1], Центарот за сузбивање на насилниот екстремизам во Албанија, Меѓуресорската работна група за реинтеграција на странски терористички борци во Северна Македонија, националните координатори за сузбивање на тероризмот во Србија и Црна Гора, како и локалните иницијативи за ИРР во Босна и Херцеговина.

ИРР, како нов концепт за земјите од Западен Балкан, првенствено се одликуваше со недоволно стручност и искуство при спроведување на активностите за ИРР на НЕТП и на повратниците. Со поддршка од меѓународни донатори и партнери, преземени се бројни процеси за ИРР за да се подобрат државните капацитети на централно и локално ниво. Постигнат е значаен напредок во оваа област, особено со активната вклученост на Западен Балкан, САД и други партнери во репатрирањето на своите граѓани од зоните на конфликт. Приближно 500 поединци од Западен Балкан се репатрирани од Сирија и Ирак, а мнозинството од нив учествуваат во програмите и активностите за ИРР.

Овој труд го разгледува концептот на насилен екстремизам на Западен Балкан, обезбедувајќи увид во историската заднина. Исто така, обезбедува увид во практиките за дерадикализација, исклучување и ресоцијализација, истакнувајќи ги предизвиците и пропустите со кои се соочуваат во текот на фазата по пуштањето на слобода. Понатаму, овој труд ги нагласува конкретните практики за ИРР.

Спроведувањето на програмите за ИРР во Западен Балкан доаѓа со низа предизвици. Овие предизвици вклучуваат прашања како што се меѓуинституционалната соработка, предрасудите и дискриминацијата против НЕТП и повратниците. Понатаму, ефикасната соработка меѓу локалните и централните нивоа останува недостижна поради ограничените капацитети на локалните општински институции за соработка со НЕТП и повратници. Граѓанските организации имаа клучна улога во проектите за ИРР, активно придонесувајќи во иницијативите наменети за овие поединци. Истакнатите донаторски иницијативи, како што се оние од Европската Унија, Советот на Европа, Мрежата за зголемување на свеста за опасностите од радикализацијата (РАН) и Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата (GCERF), се клучни во давањето поддршка и/или спроведувањето различни проекти за ИРР. Тие директно работат со ранливите заедници и со повратниците, организирајќи програми за ИРР, програми за стручна и за професионална обука. Имено, НЕТП и повратниците исто така имаат корист од шемите

[1] Оваа ознака не е во спротивност со позициите за статусот, и е во согласност со UNSCR 1244/1999 и Мислењето на МСП за прогласувањето независност на Косово.

за неповратни средства што ги овозможија донаторите во блиска соработка со државните власти во Западен Балкан.

Покрај тоа, овој труд ги испитува брановите на репатријација од зоните на конфликт и ги истражува новите форми на насилен екстремизам во регионот. Во заклучокот има практични чекори за јакнење на заложбите за ИРР, како и препораки за клучните институции за ефикасно да се решат предизвиците што произлегуваат од насилниот екстремизам.

## Методологија

Методологијата користена во овој труд е составена од полуструктурирани интервјуа спроведени со засегнатите страни, документирани истражувања и анализа на документите (вклучувајќи, но не и ограничувајќи се на официјалните извештаи на релевантните институции). Интервјуираните страни беа првенствено од Косово, Северна Македонија и Албанија, вклучувајќи претставници од исламската заедница во Косово, Косовската пробациска служба (СУО), Поправната служба на Косово (ПСК), како и експерти од невладини организации од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија. Анализата на документи е направена врз основа на официјални извештаи од државните институции во Западен Балкан, извештаи од локалните и меѓународните невладини организации, како и медиумски статии за сузбивање и спречување насилен екстремизам и дерадикализација, исклучување и ресоцијализација на насилните екстремисти и терористичките престапници.

Трудот е структуриран околу неколку главни точки поврзани со ИРР во Западен Балкан, почнувајќи со вовед во насилниот екстремизам и неговата заднина, вклучувајќи ги брановите на репатријација од зоните на конфликт. Се обработуваат практиките и предизвиците поврзани со ИРР, како и пропустите во периодот по пуштањето на слобода, заедно со практични чекори коишто треба да се преземат во врска со ИРР. Трудот завршува со клучни препораки за клучните институции.

Истражувајќи ги овие точки, трудот има за цел да ја расветли моменталната состојба на практиките за ИРР во регионот и обезбедува увиди за подобрување и јакнење на иницијативите за спречување насилен екстремизам и промовира успешна рехабилитација и реинтеграција на НЕТП.

## Насилен екстремизам во Западен Балкан

Во изминативе 12 години, тероризмот и насилниот екстремизам[2] беа најголемата безбедносна закана за Западен Балкан. Со децении, Западен Балкан претставуваше плодна почва за ширење разновидни форми на насилен екстремизам и тероризам. Историјата исполнета со етнички, верски и граѓански судири во регионот создаде ранливост за регрутирање терористи и ширење мрежи на насилен екстремизам.

---

[2] „Насоките за затворските и пробациските служби во врска со радикализација и насилен екстремизам“ на Советот на Европа го дефинираат насилниот екстремизам како однесување што промовира, поддржува или извршува активности што може да предизвикаат тероризам и се насочени кон одбрана на идеологија која заговара за расна, национална, етничка или верска надмоќ.

Превирањата предизвикани од распадот на Југославија, етнонационалистичките војни што следеа и политичките конфликти во земјите на Западен Балкан ги потхранија темелите за ширење незадоволство и создавање нови етнички поделби. Овие поделби и недоволната соработка меѓу земјите и општествата низ Балканот придонесуваат за присуство и растечки трендови на разновидни форми на екстремизам во регионот.[3]

Додека во последните години вниманието беше насочено кон спречување и сузбивање на исламистичкиот екстремизам во регионот, овде се појавија други форми на екстремизам, вклучувајќи ги етнонационалните движења, крајната десница и екстремистичките движења на поранешните воени ветерани од војните во поранешна Југославија.[4] Еволуцијата на разните екстремистички групи во Западен Балкан може да поттикне „кумулативен екстремизам“ или „реципрочна радикализација“ во кои овие радикални движења се хранат едни со други правејќи нивниот потенцијален дестабилизирачки ефект да биде уште поголем.[5] Оваа идеја за кумулативен и реципрочен екстремизам е присутна во многу заедници во Западен Балкан. Забележано е присуство во северниот дел на Косово (општините Северна Митовица, Лепосавиќ, Звечан и Зубин Поток), Босна и Херцеговина (Бошњачката заедница и Србите во ентитетот Република Србија) и Северна Македонија (Албанските исламистички[6] радикални групи) и македонските православни и крајно десничарски групи.

Во споредба со другите форми на насилен екстремизам, појавата на тероризам мотивиран од исламот и насилниот екстремизам е сè уште присутна во Косово, Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Албанија врз што најмногу влијае бројот на граѓани кои се приклучуваат на терористичките организации во Сирија и Ирак, како и нивото на поддршка кон овие терористички организации во нивните заедници.[7] Понатаму, во Србија голем предизвик е појавата на краен десничарски екстремизам и етнонационалистичко екстремистичко движење, што се одразува во бројот на поединци кои од 2014 година се приклучиле кон паравоените руски сили што се борат во Украина. Крајно десничарските екстремистички движења од Србија и останатите делови исто така организираат и учествуваат во насилни протести во подрачјата како што се Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина. Иако десничарскиот насилен екстремизам е во подем во целиот регион, најдоминантен е во Србија и Црна Гора. Двете земји во последните десет години имаа случаи на нивни граѓани кои се приклучиле на насилни екстремистички организации како што се Даеш во Сирија и Ирак, како и други кои се приклучиле кон крајно десничарските руски паравоени групи и вооружени организации како што е ВАГНЕР во Украина. Украинската амбасада во Србија процени дека во 2019 година околу 300 граѓани од Србија се бореле во редовите на проруските паравоени групи во Украина, во источниот регион Донбас.[8]Врз основа на податоците и официјалните процени од Западен Балкан, од почетокот на конфликтот во Сирија во 2012 година околу 1075 поединци (878 мажи и жени и 197 деца и постари лица) патувале во Сирија и Ирак. Во двете табели во продолжение е наведен бројот на граѓани од земјите на Западен Балкан кои патувале во Сирија и Ирак. Овие бројки ги вклучуваат само мажите и жените

---

[3] Регионален извештај на Хазиновиќ „Разбирање на насилниот екстремизам на Западен Балкан“ Британски совет. Јуни 2018 година
[4] Исто.
[5] Рамадан Иљази, Ардит Орана, Теута Авдиметај, Бледар Фета, Ана Крстиновска, Јоргос Кристидис и Јоанис Армаколас 2022 година. Онлајн и офлајн (де)радикализација на Балканот. Труд 5. PAVE Project Publications.
[6]Исто.
[7] Регионален извештај на Владо Хазиновиќ „Разбирање на насилниот екстремизам на Западен Балкан“ Британски совет. Јуни 2018 година
[8] DW news agency „Волонтери од Србија и Хрватска се борат во Украина“ 1-31-2023,

кои се придружиле кон терористичките организации во воените зони и не сите НЕТП кои се осудени за терористички престапи поради недостигот на официјални податоци.

**Слика 1: Граѓани на Западен Балкан кои се приклучиле во конфликтите во Сирија и Ирак[9]**

| Држава | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Албанија | 96 | 13 | 109 |
| Босна и Херцеговина | 177 | 63 | 240 |
| Косово | 255 | 48 | 303 |
| Северна Македонија | 140 | 14 | 154 |
| Црна Гора | 18 | 5 | 23 |
| Србија | 37 | 12 | 49 |
| Вкупно | 723 | 155 | 878 |

Сепак, треба да се напомене дека Косово има највисок процент на пријавувања, што може потенцијално да го одразува високиот број на мажи и жени кои се приклучуваат во конфликтот во Сирија и Ирак.

## Брановите на репатријација и тешкотиите на Западен Балкан

До 2012 година, конфликтите на Блискиот Исток се сметаа за далечни настани, при што немаше службени пријави дека државјани на Западен Балкан биле ангажирани како странски терористички борци[10]. Тоа се промени во 2013 и 2014 година, кога бројот на мажи и жени кои патувале во Сирија го достигна својот врв. По 2015 година, агенциите за спроведување на законот во Западен Балкан го криминализираа учеството во странски конфликти и почнаа да ги апсат поединците кои учествуваат, поддржуваат или финансираат терористички организации активни во Сирија и Ирак. Во 2014 и 2015 година, косовските институции за спроведување на законот започнаа масовно да ги апсат поединците кои беа дел од терористички организации во Сирија и Ирак: во јули 2014 година, косовската полиција уапси околу 65 НЕТП, вклучувајќи и 15 верски водачи, поради учество, финансирање и регрутирање за целите на терористички организации во Сирија и Ирак. Во текот на истиот месец, властите во Северна Македонија, Албанија

[9] Извештај на Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата (GCERF). Rehabilitation and Reintegration of Returning Foreign Terrorist Fighters (RFTFs) and Their Families in the Western Balkans. 2020 chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.gcerf.org/wp-content/uploads/2015/12/GCERF-RNA-Western-Balkans-final.pdf

[10] Според Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 2178 (2014) S/RES/2178 „Странски борец е поединец кој ја напушта својата земја на потекло или вообичаеното живеалиште за да се приклучи кон недржавна вооружена група во вооружен конфликт во странство и кој е првенствено мотивиран од идеологија, религија и/или роднински врски“.

и Босна и Херцеговина уапсиле и процесуирале десетици лица поради учество во терористички организации.[11]

По поразот на Даеш во Сирија и Ирак и загубата на териториите под контрола на Исламската Држава, иљадници мажи, жени и деца биле приведени и задржани во логори под надзор на Курдите во Сирија и Ирак.[12] Физичкиот пораз на Даеш го зголеми фокусот на потребата за мерки и програми за ИРР на НЕТП. Западен Балкан, во блиска соработка со САД, осмисли планови како да ги врати НЕТП и децата од логорите во Сирија и Ирак во нивните земји на потекло. Во таа смисла, во април 2019 година, Косово меѓу првите ги врати своите државјани (110 лица) од Сирија и Ирак преку иницијатива што ја спонзорираше владата.  Од вратените лица, 4 од нив беа мажи, 32 беа жени, а 74 беа деца.[13] Репатрираните жени и деца прво беа 48 часа сместени во владин центар за баратели на азил. За време на нивниот престој во центарот за баратели на азил, властите ги интервјуираа жените повратници и ги идентификуваа нивните потреби за повторна интеграција во заедницата. Четворицата мажи, странски борци повратници, беа приведени по пристигнувањето, а по истражниот процес им беа изречени судски казни.

Втората активност за репатрираните поединци беше спроведена во јули 2021 година, во заедничка соработка меѓу Косово и Албанија. Единаесет (11) граѓани беа репатрирани во Косово, додека 5 беа репатрирани во Албанија. Истата година, во август 2021 година, 5 жени и 14 деца исто така беа репатрирани во Албанија.[14] Повратниците минаа редовни здравствени прегледи и процени, вклучувајќи и обиди да се утврдат нивните потреби. По првичните интервјуа и процени, институциите осмислија интервенции за рехабилитација и реинтеграција (РиР) на повратниците, вклучувајќи меѓу другото и медицинска поддршка и сместување за оние на кои тоа им е потребно.

Слично на тоа, во август 2021 година, владата на Северна Македонија репатрираше 23 граѓани од зоните на конфликт. Од 23 репатрирани граѓани, 5 беа жени, 4 беа мажи и 14 беа деца.[15]. Во мај 2022 година, 13 албански граѓани беа репатрирани во Албанија, а двајца мажи беа репатрирани во Косово.[16] Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора исто така репатрираа нивни граѓани од Сирија и Ирак.  Во декември 2019 година, 24 босански граѓани беа репатрирани назад во БиХ со помош на властите на САД. 10 граѓани од Црна Гора и дванаесет од Србија се вратени или репатрирани од зоните на конфликт во Сирија и Ирак.[17] Досега, Косово го држи највисокиот рекорд на репатрирани поединци од територии што некогаш биле под контрола на Даеш.

---

[11] Регионален извештај (2018) на Владо Хазиновиќ „Разбирање на насилниот екстремизам на Западен Балкан“ Британски совет.

[12] Пертеши Скендер “Зад предизвикувачите: Нови закани од насилен екстремизам во Косово*“. KCSS, Приштина, 2018 г. <chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://qkss.org/images/uploads/files/violent-extremism-eng_611603.pdf>

[13] Теута Авдиметај „Засегнати страни во (де)радикализацијата во Косово“” D.RAD 3.1 извештај спроведен при проектот Horizon 2020 „Дерадикализација во Европа и пошироко: Откријте, решите, реинтегрирајте“ 2021 г. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://qkss.org/images/uploads/files/Kosovo-D3.2-country-report_208701_.pdf

[14] Пертеши, С. и Иљази, Р. (2021 година). Разгледување на одговорите на Косово за повратниците од воените зони во Сирија и Ирак. Косовски центар за безбедносни истражувања (КЦБС): https://qkss.org/images/uploads/files/violent-extremism-eng_978757.pdf

[15] Исто.

[16] AP NEWS „23 Албанци, останатите од Косово се репатрирани од Сирија“ 28 мај, 2022 година https://apnews.com/article/islamic-state-group-middle-east-syria-albania-iraq-57d8b19ef5cafef5a63e8180d0d1346f

[17] Регионален извештај на Хазиновиќ „Разбирање на насилниот екстремизам на Западен Балкан“ Британски совет.  Јуни 2018 година

**Слика 2: Број на граѓани на Западен Балкан вратени од зони на конфликт во Сирија и Ирак[18]**

| Држава | Мажи | Жени | Деца | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | 30 | 7 | 8 | 45 |
| Босна и Херцеговина | 56 | 11 | 27 | 94 |
| Црна Гора | 8 | 1 | 1 | 10 |
| Косово | 124 | 38 | 80 | 242 |
| Северна Македонија | 73 | 1 | 2 | 76 |
| Србија | 9 | 1 | 2 | 12 |
| Вкупно | 300 | 59 | 120 | 479 |

Општо земено, и покрај разликите во бројот на повратници меѓу земјите (видете ги примерите наведени претходно), земјите на Западен Балкан сепак покажаа волја да ги репатрираат своите граѓани кои се приклучиле на Даеш во Сирија и Ирак. Државните институции одговорни за ИРР на НЕТП и повратниците имаат одвоено ресурси за подобрување на нивните професионални капацитети и на механизмите за успешна рехабилитација и реинтеграција. Косово, Босна и Херцеговина, Албанија и Северна Македонија, како земји што се со најголем број на странски терористички борци на Западен Балкан, имаат развиено разни програми, како во затворите, така и на ниво на заедницата, за да одговорат на потребите на репатрираните поединци. Црна Гора и Србија исто така имаат спроведено програми за ИРР иако тие имаат релативно мал број на граѓани кои патувале во зоните на конфликт во Сирија и Ирак.

# Исклучување, рехабилитација и реинтеграција на НЕТП по нивното пуштање на слобода во Западен Балкан

## Институционални реформи

Процесот на ИРР е сложен и во него треба да се вклучат разни засегнати страни. Еден од главните предизвици во процесот на ИРР на повратниците од зоните на конфликт е потребата за соработка меѓу институциите и агенциите одговорни за спроведување на активностите за ИРР. Со текот на времето, земјите на Западен Балкан минаа низ институционални реформи и воспоставија нови механизми со цел да се подобри соработката меѓу разните засегнати страни вклучени во ИРР на повратниците. Овие заложби се клучни за ефикасно да се одговори на потребите на поединците кои се

[18] Исто.

враќаат од зоните на конфликт, како и за успешно да се промовира реинтеграција во општеството.

Албанија го формираше Националниот центар за сузбивање насилен екстремизам којшто е одговорен за координација на активностите за спречување и сузбивање на насилниот екстремизам („С/БНЕ активности“) во земјата, како и за да го води процесот на ИРР на албанските репатрирани поединци од зоните на конфликт. За подобра координација меѓу албанските засегнати страни во ИРР, владата на Албанија го формираше Центарот за прифаќање за третман на поединците вратени од Сирија и Ирак, што спроведува разни процени на репатрираните поединци.[19] Северна Македонија формираше Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ), со којшто раководи националниот координатор одговорен за дизајн, координација и спроведување на политиките и активностите за ИРР во Северна Македонија. Исто така, во 2021 година владата формираше меѓуресорска работна група за реинтеграција на странските терористички борци. Работната група е задолжена да развие детални акциски планови за институциите за да може да обезбедат соодветен здравствен третман, образование, безбедност како и психосоцијална, социоекономска и легална поддршка за осудените терористи, со цел да се избегне стигматизација.[20] Овој механизам има потпишано и Меморандум за разбирање (МЗР) со локалните власти за спроведување на програмите за ИРР на повратниците. Сепак, и покрај заложбите на властите во Северна Македонија да ги координираат разните чинители во ИРР, во практика соработката е слаба и меѓу нив,[21] а и меѓу министерствата. Не постојат модули за обука на персоналот кои ќе им помогнат на практичарите да работат директно со овие повратници или со оние што се во процес на ИРР назад во заедницата. Не постојат официјални планови за ИРР на репатрираните поединци. Понатаму, не постојат посебни протоколи за социјалните работници што работат со НЕТП.[22] Во БиХ, Министерството за безбедност во соработка со други министерства и државни агенции постави механизми за РиР, што ги засега и репатрираните граѓани од зоните на конфликт. Владата на Србија во јули 2023 година ја донесе Одлуката бр. 58-2023, да формира национално тело за спречување и борба против тероризмот, а назначи и национален координатор за спречување и сузбивање на тероризмот. Ова тело ги координира спроведувањето на РиР и активностите за С/БНЕ во Србија. И покрај многуте интерни механизми создадени за координирање на активностите за С/БНЕ и РиР, соработката меѓу институциите и агенциите за спроведување на законот и понатаму останува предизвик.

Во споредба со останатите регионални примери, Косово има воведено бројни институционални реформи во врска со борбата против тероризмот, а и во полето на исклучување, рехабилитација и реинтеграција. Косово го формираше Одделот за спречување и реинтеграција на радикализирани лица (ОСРРЛ) одговорен за координација на националното С/БНЕ и политиките за ИРР на репатрираните поединци од зоните на конфликт.[23] Понатаму, Косово спроведе многу институционални реформи во рамки на Поправната служба на Косово (ПСК) во врска со сузбивање на тероризмот и ИРР. Реформите на ПСК налагаа сите затвореници осудени за тероризам да бидат

---

[19] Прирачник за обука за предводници „Мапирање РиР услуги за лица кои се враќаат од зоните на конфликт“ IDM 2021 година.

[20] „Исклучување, рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци“ Проект финансиран од Фондот за внатрешна безбедност на Европската Унија – Полиција. Март 2022 година

[21] Интервју со експерт за тактичка борба против тероризмот и за БНЕ во Северна Македонија, 13 април 2023 година.

[22] DRIUVE извештај 2021 година

[23] Теута Авдиметај „Засегнати страни во (де)радикализацијата во Косово“” D.RAD 3.1 извештај спроведен при проектот Horizon 2020 „Дерадикализација во Европа и пошироко: Откријте, решите, реинтегрирајте“ 2021 г.

сместени во два затворски објекти. Оние кои беа категоризирани како ниска и средна безбедносна закана беа пратени во еден павилјон во притворскиот центар во Дубрава, а оние кои беа категоризирани како висока безбедносна закана беа пратени во посебен павилјон во затворот со висок степен на безбедност во Грдовац, Приштина.[24] Уште една важна иницијатива во ПСК е организирањето предавања на Косовското исламско здружение за НЕТП затворениците согласно со Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за правда и Косовското исламско здружение (КИЗ). Според официјален службеник од ПСК, половина од затворениците обвинети за терористички престапи категоризирани како ниски или средни безбедносни закани учествувале во програмата. Додека другите кои биле категоризирани како висока безбедносна закана не присуствувале на предавањата.[25] Во 2019 година, ПСК формираше две интерни специјализирани единици за управување со С/БНЕ и РиР, односно единицата за управување со насилниот екстремизам при ПСК и единицата за разузнавање и анализа.[26] Двата механизми се сè уште активни и претставуваат суштински важно тело на ПСК.

## Исклучување, рехабилитација и реинтеграција, како и практики во регионот на Западен Балкан

Постојат неколку донаторски иницијативи за ИРР во Западен Балкан што ги поддржуваат заложбите на земјите во процесот на ИРР на НЕТП и други репатрирани поединци во периодот по пуштањето на слобода. Меѓународната организација за миграција (ИОМ) е меѓу првите организации што постави регионални проекти за ИРР во земјите на Западен Балкан. На почетокот, Меѓународната организација за миграција изврши основна процена на потребите на повратниците од Сирија и Ирак. ИОМ во Косово, Северна Македонија и БиХ обезбедуваше храна и облека за повратниците и НЕТП, како и за нивните семејства по нивното враќање во заедницата.[27] ИОМ ги поддржи НЕТП и повратниците и членовите на нивните семејства со десетици неповратни грантови за да започнат сопствен бизнис (како што е земјоделство, градежни работи, електрични инсталации, автоперални). Според претставниците од Министерството за внатрешни работи во Косово, помошта од ИОМ е од суштинско значење за властите во Косово во процесот на реинтеграција на повратниците назад во заедницата.[28]

Покрај проектите на ИОМ, Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата (GCERF) ги поддржа локалните невладини организации во регионот во спроведување неколку проекти со цел да се помогне ИРР на НЕТП.[29] Во Косово, невладините организации како што е Фондот за развој на заедницата (CDF), со поддршка од Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата (GCERF) обезбеди обуки за професионални вештини, обуки за лидерство, културни и спортски активности за поединци и заедници засегнати од насилниот екстремизам. Преку овие иницијативи, Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата (GCERF) има за цел да создаде безбедна и приспособена средина за реинтеграција на повратниците од

---

[24] Исклучување, рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци“ Drive, Проект финансиран од Фондот за внатрешна безбедност на Европската Унија – Полиција. Март 2022 година
[25] Исто:
[26] Исто:
[27] Интервју со виш претставник од Одделот за рехабилитација и реинтеграција на репатрираните граѓани од Сирија и Ирак. МВР. 22 Март, 2023 година, Приштина, Косово.
[28] Интервју со виш претставник од Одделот за рехабилитација и реинтеграција на репатрираните граѓани од Сирија и Ирак. МВР. 22 Март, 2023 година, Приштина, Косово.
[29] Пертеши Скендер и Орана Ардит „Исклучување, рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци“

воените зони. Покрај тоа, Фондот за развој на заедницата ги поддржува НЕТП со обуки за професионални вештини за бизнис идеи. Околу 30 жени повратници посетиле обука за кроење. Овие жени беа поддржани така што им беа обезбедени машини за шиење за нив.[30] Фондот за развој на заедницата е во процес да обезбеди уште еден бран на грантови за НЕТП. Косовскиот центар за безбедносни истражувања (КЦБС) со поддршка од амбасадите на Обединетото Кралство и Кралството Холандија во Косово организираше стручна обука за 20 жени НЕТП, за тоа како да ги користат социјалните мрежи за да ги промовираат своите бизнис идеи и своите производи. Оваа обука им помага на жените повратници да ги доближат своите производи поблиску до нивната целна публика и потенцијалните клиенти.

Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата (GCERF) исто така ги поддржа заложбите на локалните невладини организации во Босна и Херцеговина во ИРР на НЕТП и СТБ. Покрај директната поддршка на НЕТП, повратниците и нивните семејства, локалните босански невладини организации ги зајакнаа капацитетите на работниците од прв ред и негуваа поттикнувачка средина за рехабилитација и реинтеграција.[31]

Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата (GCERF) исто така поддржа четири невладини организации во Северна Македонија и Албанија, како што се Здружението на млади правници, Институтот за демократија и медијација и Terre de Hommes, Албанија. Проектите поддржани од GCERF во двете земји не беа насочени само на НЕТП пуштени на слобода. Проектите имаа и други ИРР компоненти како што се обуки на локалните власти за ИРР и зголемување на државните капацитети за користење на алатките за процена на ризик за НЕТП. Советот на Европа исто така спроведува регионални проекти за ИРР со цел да се зголеми капацитетот на поправните и пробациските власти во Западен Балкан при постапување со НЕТП и процесот на ИРР. [32].

Понатаму, постојат и други иницијативи што придонесуваат во процесот на РиР во Западен Балкан. На пример, Сојузот на Македонците со исламска религија создаде посебно тело за РиР на повратниците и спречување насилен екстремизам во Северна Македонија. Ова тело има значајна улога во помагање на државните власти во процесот на ИРР така што пополнува важна празнина и има функција на веродостоен посредник меѓу НЕТП и државните институции во Северна Македонија.[33] Исто така, исламските здруженија во БИХ и во Косово имаат важна улога во процесот на РиР на повратниците. Женските форуми на исламските здруженија во двете земји помогнаа на НЕТП со пакети храна, сместување и религиозно образование во блиска соработка со Министерството за внатрешни работи (МВР).[34]

Кога станува збор за програмите за ИРР и нивното спроведување, се забележуваат разлики меѓу мажите и жените повратници. Во споредба со мажите, жените повратници се поподготвени да учествуваат во програмите за ИРР што ги спроведуваат локалните меѓународни организации. Репатрираните жени се сертифицирани од професионални компании и работат на тоа да го усогласат своето знаење со потребите на пазарот со

[30] Пертеши Скендер и Орана Ардит „Исклучување, рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци“
[31] Извештај на GCERF „Рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци повратници (СТБП) и нивните семејства во Западен Балкан“ април 2020 година.
[32] Податоци собрани од официјалната веб-локација на Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата (GCERF). Пристапено во април 2023 година.
[33] Податоци собрани од официјалната веб-локација на Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата (GCERF). Пристапено во мај 2023 година
34 Интервју со виш имам од Исламската заедница на Косово. 14 март 2023 година, Приштина.

цел да ги зголемат своите семејни приходи.  За жените кои посетиле вакви обуки беа обезбедени опрема и грантови.[35]

## Процесуирање на НЕТП

Органите за спроведување на законот и другите сигурносни тела имаа тешкотии при наоѓање докази за процесуирање на НЕТП.  Секоја земја се соочи со значајни предизвици во справувањето со странските терористички борци и нивните семејства кои се вратиле или кои биле репатрирани од зоните на конфликт. Обвинителите исто така се соочија со тешкотии при процесуирање на предметите пред судот, а судијата се соочи со тешкотии при одлуката во врска со висината на затворската казна поради недоволно информации и докази за учеството на НЕТП во зоните на конфликт во Сирија и Ирак.[36]

Правосудните органи во Западен Балкан применија разни практики во процесите на изрекување казни за НЕТП, и не сите се во согласност со практиките за изрекување затворски казни на земјите од ЕУ. Постојат разлики во просечните затворски казни во земјите на Западен Балкан во споредба со оние на земјите од ЕУ. Просечната затворска казна за терористички престапи во земјите од ЕУ е седум години затвор, додека во земјите на Западен Балкан е 2,5 до 3 години затвор.[37] Косово има најголем број НЕТП осудени за терористички престапи со 125 случаи, па следува БиХ со 45 случаи, Северна Македонија со 29 случаи и Србија со 23 случаи. Албанија осуди 12 имами кои регрутирале членови за терористички организации. Албанија не им изрече казни на своите граѓаните кои се вратија од зоните на конфликт во Сирија и Ирак, што е единствен случај во споредба со останатите регионални примери, поради недоволните докази да се формира предмет пред судот и недоволното искуство на албанскиот сектор за правда за истражување случаи поврзани со тероризам. Албанската влада се одлучи за подискретен пристап во врска со вратените СТБ од воените зони. Црна Гора исто така има два предмети за лица обвинети за терористички престап. Во случајот на Србија, постојат разлики меѓу осудите за борењето во Сирија и за борењето во Украина. Борците вратени од Украина добиле условни казни или куќен притвор, додека на оние кои се вратиле од Сирија им биле изречени затворски казни во времетраење од 3 до 11 години.[38] Покрај ограничените информации што ги имаат обвинителството и судовите, правосудниот сектор во Западен Балкан успешно осуди 234 поединци за терористички престапи и учество во странски конфликти како дел од терористички организации.[39]

**Слика 3: Број на предмети и затворски казни изречени на НЕТП и на повратници**[40]

| Држава | Изречени казни | Повратници од Сирија | Повратници од Украина | Домашен тероризам | Затворска казна | Условна казна или куќен |
|---|---|---|---|---|---|---|

[35] Интервју со виш претставник од Одделот за рехабилитација и реинтеграција на радикализирани поединци. 22 март, 2023 година.
[36] Извештај на ОБСЕ 2022 година.
[37]Исто
[38]Исто
[39] Асја Методиева „Вратете ги назад“
[40] Исто.

| | | | | | | притвор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Косово | 155 | 155 | 0 | 0 | 123 | 32 |
| Босна и Херцеговина | 45 | 44 | 1 | 0 | 45 | 0 |
| Албанија | 15 | Казнети без спроведена истрага | 0 | 15 | 15 | 0 |
| Црна Гора | 2 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| Србија | 23 | 7 | 16 | 0 | 7 | 16 |
| Северна Македонија | 29 | 29 | 0 | 0 | 29 | 0 |

Досега, српските судови имаат изречено казни на 16 поединци за нивна вклученост во конфликтот во Украина.[41] На сите им била изречена условна казна до најмногу една година.[42] Црна Гора осуди еден поединец за неговото приклучување на проруските сили во Украина.[43]

Особено внимание беше посветено на развој на програми за ИРР за репатрирани жени што се гонети за нивното учество во зоните на конфликт. Во текот на процесот на евалуација на жените повратници од зоните на конфликт, државните власти немаа професионални вештини за препознавање на нивните потреби за ИРР. Покрај тоа, властите не користеа меѓународно признаени алатки за процена на ризикот за да го измерат нивото на стрес, стигма, ПТСН, панични напади, состојбата на менталното здравје и други слични предизвици. Судовите во Северна Македонија, Косово, БиХ и Албанија беа поблаги во изрекувањето казни на жени кои учествувале во зоните на конфликт во споредба со казните за мажите. Правосудните власти на Северна Македонија, БиХ и Косово изрекоа условна казна или куќен притвор за жените кои учествувале во странски конфликт како дел од ИСИС, додека на мажите странски борци им беше изречена затворска казна. Правосудните власти на Западен Балкан тврдат дека на жените им биле изречени благи казни бидејќи е тешко да се одреди улогата на жените во конфликтот, како и тоа дали тие навистина учествувале во борбите. Уште една причина според судиите е тоа што жените не претставуваат закана за заедницата.[44] Судиите немаат поставено јасни правила во врска со тоа кои показатели или информации придонеле во нивната одлука да изречат условна казна на репатрираните жени или да донесат заклучок дека репатрираните жени се помала закана за заедницата од мажите репатрирани од зоните на конфликт.[45] Оваа одлука е донесена бидејќи во поголемиот број случаи жените биле самохрани родители кои треба да се грижат за своите деца бидејќи нивните сопрузи биле убиени во зоните на

[41] Исто

[42] Радио слободна Европа „На Србинот кој се придружил на силите поддржани од Русија во Украина, му е поништена затворската казна“ 27 јануари, 2023 година.

[43] Анализа на Balkan Insight „Црна Гора повикана да ги спречи борците пријавени како доброволци да не заминат во Украина“ 1 март, 2022 година.

[44] Извештај на ОБСЕ 2022 година.

[45] Исто:

конфликт. [46] Понатаму, во Косово, судијата го искажа своето гледиште дека повеќето жени повратници или репатрирани жени се осудени за учество во логистичка поддршка на ИСИС, а не за директно учество во борбените активности. Како резултат на тоа, гледиштето на судот беше дека жените повратници не претставуваат значаен ризик за општеството.[47]

Сличен пристап беше применет и во други случаи во регионот поврзани со процесирањето жени вклучени во престапи поврзани со тероризам.  Во споредба со земјите на ЕУ, како што се Франција, Белгија или Холандија, каде што жените се соочуваат со системот на кривична правда исто како и машките терористички борци, а децата се доделени на биолошкото семејство или пак кај згрижувачко семејство, контекстот во Западен Балкан е различен. Земјите на ЕУ имаат добро утврдени механизми и капацитети за постапување со семејствата и децата. Земјите на Западен Балкан немаат државни механизми за згрижување сирачиња или напуштени деца на кои им е потребна помош. Во земјите на Западен Балкан, механизмите за грижа за деца на кои им е потребна помош имаат капацитети и ресурси и би можеле да функционираат само со мал број на деца. Индиректно, тоа е уште една причина зошто судовите во земјите на Западен Балкан изрекуваат условна казна од најмногу три години за жените СТБП.[48]

## Празнини и предизвици при ИРР и за НЕТП во Западен Балкан

Процесот на ИРР беше ново искуство за земјите од Западен Балкан. И покрај општата институционална подготвеност за осмислување и спроведување на овие програми, поради ограничените стручни капацитети и искуства во почетокот, има простор за напредок во ИРР. Во текот на процесот на подготовка и спроведување на практиките и програмите за ИРР, природно се појавија разни предизвици, меѓу кои беа дискриминацијата и стигмата против НЕТП по нивното пуштање на слобода, недоволната вклученост на општините и заедниците, недоволната институционална соработка, празнините во размената на податоци меѓу агенциите, како и недостигот на институционални капацитети за обезбедување стручни обуки. Секој од овие предизвици е обработен во продолжение.

### Дискриминација и стигма против НЕТП по нивното пуштање на слобода

Ослободените НЕТП и другите репатрирани поединци се плашат од стигмата и дискриминацијата од страна на приватниот сектор или заедницата. И, се плашат со право, бидејќи граѓаните нерадо ги примаат НЕТП и репатрираните поединци назад во својата заедница. Една анкета за перцепцијата на радикализацијата и насилниот екстремизам во БиХ покажа дека 60 % од испитаниците имаат негативно мислење за

46 Интервју со виш претставник на Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија. Мај 2023 година.
47 Извештај на ОБСЕ 2022 година.
48 Интервју со виши службеници на Министерствата за внатрешни работи на Косово и на Северна Македонија. Мај 2023 година.

НЕТП и повратниците во поглед на нивната реинтеграција во заедницата.[49] Граѓаните на Косово исто така имаат негативна перцепција кон НЕТП по нивното пуштање на слобода, како и кон повратниците од Сирија и Ирак. Според податоците од Косовскиот сигурносен барометар за 2022 година, 58 проценти од испитаниците ги доживуваат НЕТП и повратниците како закана, додека 21 процент сметаат дека тие не претставуваат никаква закана.[50] Кога станува збор за прифаќање на НЕТП пуштени на слобода, локалните заедници покажуваат отпор и одбивање. Повеќе од 50 проценти од испитаниците во Косово изјавиле дека не би ги примиле НЕТП или повратниците назад во заедницата или дека не би се чувствувале безбедни ако живеат во исто место со повратници од зона на конфликт. [51] Поради стигмата и дискриминацијата, репатрираните поединци одбиваат да се пријават за работа во приватниот сектор и бараат можности за миграција во земји на ЕУ за да работат или за да бараат можност да отворат сопствен приватен бизнис.

## Недоволна институционална соработка и недоволно специјализирани вештини на локално ниво за периодот по пуштање на слобода

Долги години, ИРР беше мандат на централните институции во регионот. Затоа, не е изненадувачко тоа што соработката меѓу властите на локално ниво и централните власти вклучени во С/БНЕ и ИРР и понатаму останува предизвик. Постојат повеќе пречки кои спречуваат соработка меѓу централните државни власти и општините, како на пример: недостигот на стручни капацитети на локалните власти да се справат со НЕТП и репатрираните поединци, како и недоволното знаење на локалните власти во поглед на ИРР и С/БНЕ.  Во регионот на Западен Балкан, фокусот на меѓународните донатори и локалните власти на земјите на Западен Балкан беше да се зголемат капацитетите на институциите на централно ниво во прашањата за спречување насилен екстремизам и за процесот на ИРР. Многу малку проекти беа насочени на зголемување на капацитетите на локалните општински органи за С/БНЕ и ИРР. И покрај подготвеноста на локалните власти да помогнат и да го поддржат процесот на ИРР на НЕТП по нивното пуштање на слобода, општините немаат финансиски капацитети, искуство и знаење за тоа како да придонесат во ИРР на НЕТП.[52] Постигнат е одреден напредок во процесот на зголемување на општинските капацитети за ИРР и С/БНЕ. Организирани се десетици обуки со локалните општини и граѓанските организации, но и понатаму има многу работа за да се вклучат општините во процесот на реинтеграција на повратниците.

## Недоволна размена на податоци меѓу агенциите

Од исклучителна важност е размената на податоци пред затворениците да бидат пуштени на слобода, со оглед на тоа дека ова им помага на властите да подготват подобри индивидуални програми за ИРР, да ја зголемат соработката меѓу агенциите, а и им помага на агенциите да подготват приспособени услуги за потребите на НЕТП по

---

[49] *Korajlić Nedžad, Kržalić Armin, Kržalić Aida, Plevljak Benjamin, Dulaš Imer (2020). ПАТНИЦИ ВО СИРИЈА: Криминолошка и сигурносна анализа со специјален фокус на повратниците од бојните полиња во Сирија.*

[50] Косовски сигурносен барометар за 2022 година.
[51] Исто.
52 Интервју со виши службеници на Министерствата за внатрешни работи на Косово и на Северна Македонија. Мај 2023 година

нивното пуштање на слобода. Исто така, олеснува информирано донесување одлуки, ја зголемува јавната безбедност и поддржува успешна реинтеграција на поединците назад во општеството.

Сепак, останува еден од најголемите предизвици. Недоволната размена на податоци меѓу институциите на Западен Балкан спречува институциите како локалните власти и пробациските служби да подготват програми за ИРР и интервенции за поединците кои се пуштени од затвор. На пример, во Косово, пробациските служби треба да бидат известени најмалку три месеци пред условното ослободување на СТБ од затворите. Во практика, ниту Поправната служба на Косово ниту Министерството за внатрешни работи не се придржуваат до оваа постапка во однос на условниот отпуст и условните казни, што ги ограничува можностите на пробациската служба да подготви планови и активности за реинтеграција.

Една од причините зошто размената на податоци меѓу агенциите останува предизвик е недостигот на законски регулативи. Земјите од Западен Балкан не успеаа да подготват нормативна рамка која ќе ги регулира правилата и постапките за размена на податоци за поединците осудени за казнени дела поврзани со тероризам.

## Недоволни капацитети и фокус на стручното оспособување во периодот по пуштање на слобода

Во Западен Балкан, постојат два главни предизвици во обезбедувањето интервенции за ИРР и стручното оспособување на затворениците осудени за тероризам: државните агенции имаат ограничени капацитети за стручно оспособување пред пуштањето на слобода и потоа, а затворениците често не се волни да учествуваат во стручното оспособување. Тоа е проблем бидејќи, на пример, во случајот на Косово, податоците покажуваат дека повеќето НЕТП затвореници кои се категоризирани како висока или средна сигурносна закана не учествувале во обуките поради идеолошки причини или поради стигма.[53]

Препреките како што се фрагментираниот систем и ограничените финансиски средства го ограничуваат делокругот на овие агенции, како и потенцијалот за обезбедување квалитетна услуга за затворениците и НЕТП по нивното пуштање на слобода. Казнено-поправните служби во регионот не успеаа да изградат ефикасна координација со потенцијални работодавачи во приватниот сектор, што е клучно за да се осигури дека програмите за стручно оспособување се усогласени со барањата на пазарот на труд, како и дека водат до значајни можности за вработување за ослободените затвореници. Поради ограничените финансиски средства и знаење, РиР програмите по пуштањето на слобода најчесто ги организираат донатори преку локални граѓански организации.

## Рамка со алатки за процена на ризикот

Унификацијата на алатките за процена на ризикот или пак, рамките за процена на ранливоста, останува значаен предизвик во регионот на Западен Балкан. Додека агенциите за заштита на безбедноста, вклучувајќи ги полицијата и разузнавачката

[53] Исто

служба, применија разни меѓународно признати алати за процена на ризикот, другите институции како затворските или пробациските власти не спроведоа никакви модели за процена на ризикот кај граѓаните репатрирани од зони на конфликт. Безбедносните и правосудните институции на Западен Балкан сè уште немаат воспоставено унифицирана структура и систем за рамки за процена на ризикот кај поединци кои биле радикализирани и осудени за тероризам. Косовската влада е во рана фаза на спроведување рамковна програма за процена на ранливоста (РПР) со наслов „Канал“. Ова е програма за процена на ризикот на ранливоста која им помага на државните власти да го измерат нивото на радикализација и насилен екстремизам кај поединците. Таа им помага на властите да подготват интервенции за поединците кои минуваат низ програмата „Канал“. Косовскиот министер за внатрешни работи и Косовската полиција редовно ја користат оваа алатка во својата работа со НЕТП и со повратници или пак, со други лица кои се радикализирани. Програмата за процена на ранливоста, „Канал“, почна да се користи и на локално ниво, во општините Хани Елезит и Митровица. Во двете општини се формирани два мултидисциплинарни тима. Овие мултидисциплинарни тимови се составени од психолози, доктори, професори, социјални работници и други претставници во зависност од случајот што се разгледува. Двата тима на локално ниво се во процес на обука за тоа како се користи програмата за процена на ранливоста, „Канал“. [54] Со поддршка од GCERF и други донатори, Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Албанија сакаат да ја применат програмата „Канал“ во својата работа, на темел на искуството во Косово.

## Практични чекори за подобрување

Како што е јасно наведено во овој труд, управувањето со насилните екстремисти и терористички престапници по нивното пуштање на слобода е сложен и чувствителен процес. Процес во кој треба да се вклучат разни агенции и чинители. Овој оддел на документот наведува неколку практични чекори што би можеле дополнително да го зголемат постојниот напредок кој го постигнаа земјите од Западен Балкан во полето на С/БНЕ и ИРР.

- *Да се утврдат и спроведат јасни насоки за размена на информации и за координација на безбедносните агенции вклучени во ИРР. Ваквата координација ќе овозможи подобро управување со случаите, како и подобри интервенции во периодот по пуштање на слобода. Посебно внимание треба да се посвети на тоа како полицијата, министерствата за безбедност/за внатрешни работи, казнено-поправните служби и пробациските служби во Западен Балкан ги споделуваат и координираат податоците за НЕТП.*
- *Да се подготват и осмислат чекори за заедницата да се вклучи во ИРР, што подразбира и вклучување на локалните заедници, верските водачи и граѓанските организации во процесот на рехабилитација и реинтеграција во периодот по пуштање на слобода. Од суштинско значење е да се изградат цврсти односи со локалните чинители за ефикасно ИРР на НЕТП и на другите репатрирани поединци.*
- *Да се дефинираат услови за обука на професионалците вклучени во управувањето со периодот по пуштање на слобода, како што се*

[54] Интервју со виш претставник на Министерството за внатрешни работи на Косово. Мај 2023 година

*затворскиот персонал, службениците за спроведување на законот, социјалните работници, образовните власти, водачите на заедницата. Соодветната обука ќе го подобри квалитетот на услугите кои им се обезбедуваат на НЕТП, а коишто се клучни за процесот на ИРР.*

- *Да се зајакне соработката со организациите во заедницата за да се осмислат и спроведат програми за рехабилитација и реинтеграција по пуштањето на слобода. Формирањето партнерства со локалните граѓански организации може да помогне да се отпочнат кампањи за подигнување на јавната свест, истакнувајќи дека треба да се прифатат и поддржат оние НЕТП кои учествувале во програмите за ИРР.*
- *Да се отпочнат кампањи за подигнување на јавната свест кои нагласуваат колку е важно да се прифатат и поддржат реформираните поединци. Треба да се прикажат успешни приказни на поранешни затвореници кои успешно се реинтегрирале во своите заедници.*

### Клучни научени лекции и препораки

ИРР беше нов феномен на Западен Балкан. Во првичната фаза од овој процес, институциите немаа професионален кадар и ресурси за да ги спроведат мерките за ИРР. Во текот на процесот, Западен Балкан успеа да изгради институционални механизми коишто ќе работат со НЕТП и со повратниците. Успешно беа спроведени неколку ИРР иницијативи во затворите, а и на ниво на заедницата. Постигнат е значаен напредок во процесот на спречување радикализација во поправните установи. Политичките институции треба повеќе да се сосредоточат на вклученоста на заедницата во процесот на ИРР во текот на фазата по ослободување на НЕТП. Покрај тоа, треба да се зголеми институционалната координација помеѓу централното ниво и општините во процесот на ИРР. Во продолжение се дадени неколку препораки што може да помогнат да се решат проблемите поврзани со ИРР.

- Западен Балкан треба да воспостави специјални механизми за ИРР на НЕТП и повратниците. Овие механизми треба да се воспостават во рамки на Министерствата за безбедност/внатрешни работи, казнено-поправните органи и локалните општини, како и граѓанските организации. Механизмите ќе им помогнат на земјите на Западен Балкан да подготват подобри ИРР интервенции за НЕТП и повратниците. Со ИРР треба да се управува на локално ниво. Ова може да се постигне со јакнење на стручните капацитети на општините и организациите на граѓанското општество во поглед на ИРР. Општинските чинители може да се вклучат така што ќе се зголемат стручните капацитети на општините и граѓанските организации.
- Главните тела на Западен Балкан коишто се вклучени во борбата против тероризмот и ИРР треба да ги стандардизираат алатките за процена на ризик, како и рамките за процена на ранливоста, кога работат со НЕТП и повратници. Клучна улога во управувањето со случаите на НЕТП и другите повратници ќе има користењето слични стандарди, рамки и постапки за процена и евалуација на ризикот. Овој пристап ќе им помогне на институциите подобро да го следат однесувањето на НЕТП, да осмислуваат ИРР интервенции темелени на податоци, а и ќе ја подобри мултиагенциската соработка во ИРР.
- Базите на податоци кои содржат информации за НЕТП, а коишто ги одржуваат агенциите за спроведување на законот и државните институции вклучени во активностите за С/БНЕ и ИРР, треба да се достапни за полицијата, МВР, казнено-поправните и пробациските служби. Овој процес треба да се контролира во

согласност со локалното законодавство на секоја земја. Споделувањето податоци и размената на податоци меѓу стручњаците вклучени во ИРР се клучни за подобро управување со случаите на НЕТП.

- Регионалните партнери треба да ја истражат размената на податоци за ослободените радикализирани поединци. Особено за оние кои го напуштаат затворот и не се придржуваат до никакви програми за рехабилитација. Дури и ако стапката на рецидивизам е ниска, сепак во ЕУ имаше терористички напади во кои беа вклучени поединци кои биле ослободени по отслужување на затворската казна.
- Владите на земјите од Западен Балкан, заедно со меѓународните донатори и локалните општини, треба заеднички да развијат планови со јасни чекори и стратегии за да се осигури одржливоста на мултидисциплинарните тимови за спречување радикализација и насилен екстремизам на локално ниво. Во иднина, овие локални механизми не треба да се потпираат само на поддршката од странски донатори, туку треба да бидат интегрирани како дел од локалното општинско тело.
- Институциите на земјите од Западен Балкан треба да ги применуваат постојните работни протоколи и стандарди и да ги приспособат кон своите потреби за да го следат ИРР процесот на НЕТП по нивното ослободување. Централните институции треба во блиска соработка со локалните власти и заедници да ги идентификуваат клучните недостатоци и предизвици на СТБ и другите повратници во процесот на ИРР. Треба да се развие сеопфатен план за интеграција кој ќе опфаќа конкретни интервенции за олеснување на реинтеграцијата на НЕТП и повратниците во заедницата.
- Програмите на земјите од Западен Балкан во поглед на С/БНЕ и РиР се сосредоточени на решавање и спречување на исламистичкиот екстремизам, додека помал акцент ставаат на другите форми на екстремизам. Многу е важно земјите од Западен Балкан да се сосредоточат и на другите форми на екстремизам, како што се крајно десничарските идеологии и етнонационализмот.
- Земјите од Западен Балкан, а особено Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора треба да бидат свесни за ризиците и заканите што може да произлезат од враќањето на борците од Украина. Државните власти во овие земји треба да развијат сеопфатни програми за ИРР на борците повратници од Украина за време на нивното затворање. Овие планови за ИРР треба да бидат приспособени за поединците и нивното опкружување и да бидат сосредоточени на решавање на примарните потреби и грижи на НЕТП и странските борци повратници.

## За авторот:

**Скендер Пертеши** има дипломирано во полето меѓународни односи и дипломатија на Универзитетскиот колеџ „Универзум“.  Тој е автор и коавтор на многу истражувачки извештаи поврзани со безбедносни теми како што се тероризмот и насилниот екстремизам. Скендер има работено и како помлад/виш соработник и консултант за бројни меѓународни и локални организации во теми поврзани со безбедноста, како на пример: Фондацијата за помош на финската црква - Finn Church Aid Foundation - Helsinki, Кралскиот институт на обединетите служби за одбранбени и безбедносни студии (RUSI), Меѓународната организација за миграција (ИОМ), ОБСЕ и други организации. Покрај останатите истражувачки интереси, тој е заинтересиран и за следново: радикализација, насилен екстремизам и тероризам, заштита на клучната инфраструктура, заштита на кибернетичката безбедност, реформа на безбедносниот сектор, отпорност на заедницата, дијаспората и безбедноста, општественото движење и идентитетот.

# Библиографија


Associated Press NEWS “23 Albanians, others from Kosovo are repatriated from Syria” May, 28, 2022 < https://apnews.com/article/islamic-state-group-middle-east-syria-albania-iraq-57d8b19ef5cafef5a63e8180d0d1346f

Asya Metodieva « Bringing them back » 2021chrome extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://atlanticinitiative.org/wp-content/uploads/2021/05/Policy-Paper-NO.-1-ENG.pdf

Balkan Insight analyses “Montenegro urged to prevent volunteers fighters going to Ukraine” March 1, 2022. < https://balkaninsight.com/2022/03/01/montenegro-urged-to-prevent-volunteer-fighters-going-to-ukraine/>

Chrome extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://qkss.org/images/uploads/files/Kosovo-D3.2-country-report_208701_.pdf

CSS report in Sarajevo “Disengagement, Rehabilitation and Reintegration of Foreign Terrorist Fighters” Drive Project funded the European Union’s Internal Security Fund – Police. March 2022 chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://drive-ontherightpath.eu/wp-content/uploads/2022/05/drive-report-bosnia-23-05-2022.pdf 12. 1Korajlić Nedžad, Kržalić Armin, Kržalić Aida, Plevljak Benjamin, Dulaš Imer (2020). TRAVELLERS TO SYRIA: A Criminological and Security Analysis with Special Focus on Returnees from Syrian Battlefronts. Published by Faculty of Criminalistics, Criminology and Security Studies, University of Sarajevo. https://hedayahcenter.org/resources/travelers-to-syria-a-criminological-and-securityanalysis-with-special-focus-on-returnees-from-syrian-battlefronts/

Disengagement, Rehabilitation and Reintegration of Foreign Terrorist Fighters” March 2022 <chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://drive-ontherightpath.eu/wp-content/uploads/2022/05/drive-report-nort-macedonia-23-05-22.pdf>

Disengagement, Rehabilitation and Reintegration of Foreign Terrorist Fighters” March 2022 chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://drive-ontherightpath.eu/wp-content/uploads/2022/05/drive-report-bosnia-23-05-2022.pdf

DW news agency “Serbian and Croatian volunteers are fighting in Ukraine” 1-31-2023, < https://www.dw.com/en/serbian-croatian-volunteers-fight-on-ukraines-front-line/a-64563304>

extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://qkss.org/images/uploads/files/Extremisem-Barometer-ENG_672182.pdf>

Kosovo Security Barometer Report 2022. <chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://qkss.org/images/uploads/files/Extremisem-Barometer-ENG_672182.pdf>

Maja Halilovic Pastuovic, Johanna-Maria Hülzer, Gillian Wylie 2023. Violent Extremism in the Western Balkans and MENA Region: Key findings and implications for research. Theoretical Synthesis Paper. PAVE Project Publications. https://www.pave-project.eu/user/pages/07.publications/PAVE_Theoretical_Synthesis_Paper.pdf

Papp, Z.S. and Örell, R. (2021). Returning to Extremism: An Overview on Terrorist Reoffending and Current Challenges. RAN, European Commission.

PAVE 2021. Policy Guidelines and Recommendations for Multi-Stakeholder Collaboration for Community Resilience Against Violent Extremism. PAVE Project

Publications. https://www.pave-project.eu/user/pages/07.publications/ENGLISH_PAVE_Policy_Guidelines.pdf

PAVE 2022. Policy Brief for Kosovo. PAVE Project Publications. https://www.pave-project.eu/user/pages/07.publications/PAVE_Policybrief_Kosovo_eng.pdf

Perteshi Skender “Beyound the triggers: New threats of Violent Extremism in Kosovo*” 2018 . <chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://qkss.org/images/uploads/files/violent-extremism-eng_611603.pdf>

Perteshi Skender and Orana Ardit “Disengagement, Rehabilitation and Reintegration of Foreign Terrorist Fighters” Drive Project funded the European Union’s Internal Security Fund – Police. March 2022 < chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://qkss.org/images/uploads/files/Kosovo*_report31_03_22.pdf>

Radio Free Europe “Serb who joined Russian-Backed forces in Ukraine has jailed sentence overturned” January 27, 2023. < https://www.rferl.org/a/serbia-sentence-ukraine-separatists-overturned/32243089.html>

Ramadan Ilazi, Ardit Orana, Teuta Avdimetaj, Bledar Feta, Ana Krstinovska, Yorgos Christidis and Ioannis Armakolas 2022. Online and offline (de)radicalisation in the Balkans. Working paper 5. PAVE Project Publications. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.pave-project.eu/publications/PAVE_870769_D5.1_publication_layout.pdf

Ramadan Ilazi, Ardit Orana, Teuta Avdimetaj, Bledar Feta, Ana Krstinovska, Yorgos Christidis and Ioannis Armakolas 2022. Online and offline (de)radicalisation in the Balkans. Working paper 5. PAVE Project Publications. https://www.pave-project.eu/user/pages/07.publications/PAVE_870769_D5.1_publication_layout.pdf

RCC analyses “Analysis: Balkan States Find Prosecuting Terrorism a Challenge” August 2020 < https://www.rcc.int/swp/news/290/analysis-balkan-states-find-prosecuting-terrorism-a-challenge>

Sead Turčalo, Jelena Brkić-Šmigoc, Mirza Smajić, Veldin Kadić, Muamer Hirkić, Maja Halilovic Pastuovic, Goran Tepšić, Nemanja Džuverović, Gillian Wylie 2022. Cumulative Extremisms in the Balkans. Working Paper 1. PAVE Project Publications. https://www.pave-project.eu/user/pages/07.publications/PAVE_870769_D3.1_publication_layout.pdf

Teuta Avdimetaj “Stakeholders of (De) Radicalisation in Kosovo” D.RAD 3.1 report conducted under the Horizon 2020 project “Deradicalisation in Europe and beyond- Detect, Resolve and Re-Integrate” 2021

Training Manual for Frontrunners “Mapping of R&R services for persons returning from conflict areas” IDM 2021. < file:///Users/skenderperteshi/Downloads/Hartezimi-i-programeve-RR%20(2).pdf>

Vlado Hazinovic (2018) Regional Report “Understanding the Violent Extremism in Western Balkans” British Council. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.gcerf.org/wp-content/uploads/2015/12/GCERF-RNA-Western-Balkans-final.pdf

**ПРОНАОЃАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕУ**

**Онлајн**

Информациите за Европската Унија на сите официјални јазици на ЕУ се достапни на веб-локацијата на Европа на: https://europa.eu/european-union/index_en

**Публикации на ЕУ**

Можете да преземете или да нарачате бесплатни или публикации на ЕУ што се плаќаат од: https://op.europa.eu/en/publications. Може да се добијат повеќе примероци од бесплатни публикации ако се јавите во Europe Direct или вашиот локален информативен центар (видете https://europa.eu/european-union/contact_en).

**Законот на ЕУ и сродни документи**

За да пристапите до информациите за законите на ЕУ, како и до сите закони на ЕУ од 1952 година и преведените верзии на сите официјални јазици, посетете ја EUR-Lex на следнава врска: http://eur-lex.europa.eu

**Отворени податоци од ЕУ**

Порталот за отворени податоци на ЕУ (http://data.europa.eu/euodp/en) обезбедува пристап до групи од податоци од ЕУ. Податоците може да се преземат и повторно да се користат бесплатно, за комерцијални и за некомерцијални цели.

Radicalisation Awareness Network

RAN

Publications Office
of the European Union